- Граѓаните и правните лица може да поднесат барање за легализација на оружје од **Б, Ц и Д** категорија, кое што го поседуваат **без исправа** издадена согласно законските прописи.
- Барањата за легализација на оружјето се поднесуваат во рок од **ЕДНА** година, почнувајќи од 05.06.2010 година, во подрачните единици на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на граѓанинот , односно седиштето на правното лице.

- Надлежниот орган на Министерството за внатрешни работи издава:
- **ДОЗВОЛА ЗА ОРУЖЈЕ ИЛИ ПОТВРДА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ ОД Д- КАТЕГОРИЈА** доколку граѓанинот ги исполнува условите од член 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и став 2 од Законот за оружјето,
- **ДОЗВОЛА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ** доколку правното лице ги исполнува условите од член 16 став 1 точка 1 и ставот 2 од Законот за оружјето,

**ВАЖНО:**

Оружјето што е предмет на легализација , не смее да:
- потекнува од извршување на кривично дело, односно да било наменето или употребено за извршување на кривично дело,
- да не е во сопственост на друго физичко или правно лице и
- ознаките на оружјето да не се оштетени или уништени.

- Доколку граѓанинот не ги исполнува условите од член 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и став 2 од овој закон, односно правното лице не ги исполнува условите од член 16 став 1 точки 1 и став 2 од овој закон, тогаш надлежниот орган ги повикува **ДОБРОВОЛНО** да го предадат оружјето во најблиската полициска станица до местото на нивното живеалиште, односно седиштето на правното лице.

Кога барањето за легализација на оружјето е одбиено, потребно е граѓаните или одговорните лица во правните лица, оружјето да го предадат во најблиската полициска станица до местото на нивното живеалиште, односно местото на седиштето на правното лице, при што како доказ дека воделе постапка за легализација на предметното оружје, потребно е да достават решение со кое им било одбиено барањето за легализација.

Доколку граѓаните или одговорните лица во правните лица не го пријават оружјето заради преземање од овластените службени лица ќе се смета дека нелегално поседуваат оружје, поради што кривично ќе бидат гонети.

- Оружјето од Б и Ц категорија, што се поседува од физичко или правно лице со исправа за оружјето предвидена согласно со одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ" број 25/72. 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 26/93 и 49/2003), може **доброволно** да се предаде во најблиската полициска станица до местото на нивното живеалиште, односно местото на седиштето на правното лице, доколку физичкото или одговорното лице во правното лице поради оправдани лични причини има намера доброволно да го предаде оружјето.

## ВНИМАНИЕ:

- Граѓаните и одговорните лица во правните лица во никој случај НЕ СМЕАТ да го носат со себе оружјето што е предмет на легализација, освен во случаевите кога барањето за легализација е одбиено и оружјето треба доброволно да го предадат во најблиската полициска станица, носејќи го со себе и решението со кое им е одбиено барањето за легализација ;
- во спротивно доколку бидат пресретнати од полициски службеници ќе се постапува согласно казнените одредби предвидени во позитивните законски прописи и
- одредбите за носење, чување и употреба на оружјето предвидени во Законот за оружјето се однесуваат и на оружјето што е предмет на легализација.